# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-377 од 12.12.2013 година, донесена на 69. седница на Наставно-научен совет на Економски факултет, одржана на 10.12.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научна област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

– д-р Ристо Фотов, вонреден професор, вработен на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип - претседател;
– д-р Ристе Темјановски, вонреден професор, вработен на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип– член.;
– д-р Виолета Маџова, доцент, вработена на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип – член

Според Конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија" и на официјалната веб-страница на Универзитетот (www.ugd.edu.mk) на 26.11.2013 година, потребна е следнава документација:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски / докторски труд (еден примерок од дипломата во оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
6. Уверение за државјанство.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно научна област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и на официјалната веб-страница на УГД се пријави кандидатот д-р Иван Игњатов – дипломиран економист.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатите.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед.

**Д-р Иван Игњатов ги достави следниве документи:**

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски / докторски труд (еден примерок од дипломата во оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал);
6. Уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

**Д-р Иван Игњатов** е роден на 11 јуни 1974 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во родниот град, а во 1993/1994 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока Меѓународно економски односи и истиот го завршува во предвидениот временски период. Во 2008 година се запишува на постдипломските студии на Економски факултет при Европски универзитет во Република Македонија, на отсекот Маркетинг, каде што во 2010 година успешно го одбранува магистерскиот труд на тема „Креирање на производ за настап на странските пазари" и се стекнува со научен степен магистер на економски науки, а во 2011 година се запишува на докторски студии на истоимениот факултет. На 11 јуни 2013 година успешно го одбранува докторскиот труд на тема „Развој на системот за ревизија и контрола за ефикасно искористување на европските фондови во периодот 2007- 2013" и се стекнува со диплома доктор на економски науки.

Кандидатот во периодот 1999 година до денес има богато работно искуство.

Во периодот декември 1999 – февруари 2002 година работи во АГД „Илинден" во Финансиски сектор – Централа, на работно место финансов книговодител, одговорен за водење евиденција и контрола на наплатата, контрола на спорните побарувања и начинот на плаќање (компензации, цесии, асигнации) и директно вклучен во изработка на годишните финансиски извештаи.

Во периодот февруари – јуни 2002 година работи во АД УСА - МАК компјутерс - Скопје во Комерцијален сектор, на работно место комерцијален менаџер, одговорен за набавка и продажба на информатичка техника и технологија, подготовка на сметководствени софтверски решенија - апликации, нивна промоција и продажба.

Во периодот од јуни 2002 до денес работи во Државниот завод за ревизија на Република Македонија / Ревизорското тело за ревизија на ИПА на следниве работни места:

***Државен ревизор во Сектор за финансиска ревизија (јуни 2002 – март 2005)***

Одговорен за вршење на финансиска ревизија во рамките на ревизорската екипа, користејќи ги меѓународните ревизорски стандарди, стандардите за државна ревизија и постојната законската легислатива.

Учествува во вршењето на ревизија кај следните субјекти: ЕЛС Пробиштип, ЕЛС Дојран, ЕЛС Берово, ЕЛС Штип, Министерство за внатрешни работи, Основен суд - Штип, РЕК Битола, ЈКП Нискоградба - Битола, Национална платежна картица, Градски трговски центар, Македонска радио телевизија, ЈСП - Скопје, ГОБ Моша Пијаде – Скопје, Специјална болница за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација, ИЗИС Скопје.

***Државен ревизор – раководител на ревизорска екипа во Сектор за ревизија на успешност (март 2002 – мај 2007)***

Одговорен за организирање и извршување на ревизијата во Секторот за ревизија на успешност (Sound financial management audit / Performance audit) користејќи ги стандардите за државна ревизија, меѓународните ревизорски стандарди и постојната законската легислатива со цел ефективно, економично и ефикасно вршење на ревизијата.

Учествува во вршењето на ревизија кај следните субјекти: Сојуз на слепи лица, Проект Телеком (Агенција за државни службеници, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа).

Во периодот октомври 2006 – март 2007 г., д-р Иван Игњатов бил прв претставник од Државниот завод за ревизија на Република Македонија и од Република Македонија, кој бил испратен на стажирање/стручно усовршување во Европскиот суд на ревизори во Луксембург (ЕСР) за вршење на ревизија на средствата од Европската унија, во ревизорска група III, Сектор за ревизија на трошоците поврзани со централните и источните европски земји и Ревизија на успешност - економичност, ефективност и ефикасност на ЕУ/КАРДС програмите.

По враќањето од Луксембург во Република Македонија, кандидатот бил назначен за овластен претставник од страна на Државниот завод за ревизија на Република Македонија, одговорен за организирање и извршување на заедничката ревизија со Европскиот суд на ревизори за ЕУ/КАРДС проекти од 2001-2006 година во Република Македонија за областа правда и внатрешни работи кај субјектите: Министерство за правда – Академија за судии и јавни обвинители (Техничка помош за реформа на јавната администрација – Правосудна администрација), Министерство за финансии (Дирекција за спречување на перењето на пари), Министерство за здравство (Превенција од дроги), Министерство за труд и социјална политика (Прифатен центар за азил), Министерство за внатрешни работи (Набавка на возила за потребите на Гранична полиција).

***Раководител на работна група за формирање на ревизорско тело за ревизија на ЕУ/ИПА фондови - AUDIT AUTHORITY (мај 2007 – јули 2007)***

Одговорен за функционирањето на работната група и соработка со ЕУ консултантот (Mr. Reinhard Danneleit) во областа на формирањто на потребните структури за користењето на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Р. Македонија, организирање и воспоставување на основните предуслови за формирање на функционално независно ревизорско тело за ревидирање на инструментот за претпристапна помош (ИПА фондовите) во рамките на Државниот завод за ревизија, детална обработка и анализа на Регулативата Советот на Европа 1085/2006 и Регулативата на Европската комисија (ЕС 718/2007) за имплементација на инструментот за претпристапна помош (ИПА), примена на меѓународните ревизорски стандарди, законодавство на Европската унија, користење на методологијата и искуството од Европскиот суд на ревизори во Луксембург при вршење на ревизија на средствата од Европската унија.

***Раководител на Ревизорско тело за ревизија на претпристапните фондови на Европската унија во Република Македонија - именуван од Владата на РМ со Решение бр. 19-4641/1 од 31.7.2007 (јули 2007 – јуни 2011)***

Одговорен за воспоставување и функционирање на Ревизорското тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија и комуникација со генералните директорати при Европската комисија во Брисел (ГД за проширување, ГД за регионален развој, ГД за развој на човечки ресурси и ГД за рурален развој), со цел организирање и спроведување на ревизии на системот и структурите за имплементација на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија со цел да се изврши верифицирање дали системот на управување и контрола за ИПА компонентите 1-5 функционира ефикасно и согласно со ИПА регулативата (ЕС 718/2007), Рамковната и Секторската спогодба и верификација на исправноста на финансиските информации кои се доставуваат до Европската комисија, верификација на работењето на ИПАРД агенцијата, изработка и реализација на Годишниот ревизорски план, изработка на Годишниот ревизорски извештај, изработка на Годишно ревизорско мислење, изработка на Мислењето за конечниот извештај за трошоците за целосно или делумно завршување на ИПА програмите, изработка и реализација на предлог-буџетот и други акти поврзани со функционирањето на Ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите во Р. Македонија.

***Самостоен државен ревизор, Сектор за финансиска ревизија (јуни – декември 2011)***

Одговорен за спроведување ревизија на субјекти од областа на трудот и социјалната политика, работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, корисници на државниот буџет и буџетот на единките и субјекти во областа на здравството.

***Советник на главниот ревизор за ИПА и в.д. помошник главен ревизор за ИПА компонента 5 (ИПАРД) (декември 2011 – јуни 2012)***

Одговорен да го советува главниот ревизор за ИПА за сите прашања поврзани со функционирањето на ревизорското тело, дава стручни совети за обезбедување/осигурување

на квалитет на извршените ревизии за да се следи примената на усвоените постапки, стандарди и работни методи, одговорен за меѓународната соработка на ревизорското тело со Европската комисија, Европскиот суд на ревизори, надлежни ревизорски институции и тела од земјите-членки на Европската унија, кандидатите и потенцијални земји-кандидати за членство во Европската унија, меѓународните ревизорски организации и нивни асоцијации и тела и како в.д. помошник за ИПАРД, одговорен за организирање и спроведување на системски ревизии, ревизии на операции и финансиски ревизии во ИПА комонента 5 – Рурален развој (ИПАРД).

***Помошник главен ревизор за ИПА компонента 2 (Прекугранична соработка) (јуни 2012 – октомври 2013)***

Одговорен за контрола на квалитетот на ревизорската работа и координација на активностите и организација на ревизорската работа во согласност со годишниот ревизорски план за работа за ИПА Компонента за прекугранична соработка, подготвува Годишен ревизорски извештај и Годишно ревизорско мислење и одговорен за комуникација со Европската комисија (Генерален директорат за проширување и Генерален директорат за регионален развој) за сите активности поврзани со ревизијата.

***Помошник-главен ревизор за ИПА компонента 4 (Развој на човечките ресурси) (октомври 2013 – до денес)***

Одговорен за контрола на квалитетот на ревизорската работа и координација на активностите и организација на ревизорската работа во согласност со годишниот ревизорски план за работа за ИПА компонента за развој на човечките ресурси, подготвува годишен ревизорски извештај и годишно ревизорско мислење и одговорен за комуникација со Европската комисија (Генерален директорат за проширување за хоризонталните прашања и Генерален директорат за вработување и социјална инклузија) за сите активности поврзани со ревизијата од аспект на ефективното функционирање на воспоставениот систем за користење на ИПА фондовите во Р. Македонија и оправданоста на декларираните трошоци по проекти од областа на развојот на човечките ресурси, вработувањето и социјалната инклузија.

Кандидатот има одлични познавање на англиски, хрватски, бугарски, словенски, српски и делумно познавање на германски јазик, како и одлични познавања од компјутерската литература (Word, Excell, Power Point и останати апликации) верифицирани со бројни сертификати за работа со компјутери, комуникациски вештини.

Тој поседува и релевантно искуство од областа на помошта и политиките на Европската унија за развој на земјите-кандидати и потенцијални кандидати за градење и зајакнување на институционалните капацитети во процесот на транзиција, зајакнување на прекуграничната соработка, регионалниот развој, европската социјална политика и развојот на човечките ресурси, со цел зајакнување на пазарот на труд и развој на земјоделието, стекнато со учество на бројни меѓународни проекти поврзани со европските фондови – ИПА, формирање и зајакнување на капацитетите на институциите за вршење ревизија на ИПА фондовите во Р.Македонија и во регионот, како и искуство стекнато во Европскиот суд на ревизори во Луксембург и долгогодишно работно искуство со Европската комисија со седиште во Брисел (Генерален директорат за проширување – DG Enlargement, Генерален директорат за регионален развој – DG REGIO, Генерален директорат за развој на човечки ресурси – DG EMPL и Генерален директорат за рурален развој – DG AGRI).

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот д-р Иван Игњатов има објавено бројни трудови од кои може да се согледа наставно-образовната дејност на кандидатот од кои како поважни ќе ги наведеме следниве.

**Евалуација на трудот број 1:**
**„КРЕИРАЊЕ ПРОИЗВОД ЗА НАСТАП МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР”**

Во магистерскиот труд се обработува неопходноста од настапот на меѓународниот пазар, остварувањето на меѓународната размена и маркетинг околината на меѓународниот пазар ги објаснува карактеристиките на производите, одлуката за утврдување на маркетинг стратегии за настап на пазарот, важноста на марката на производите кои се нудат на меѓународниот пазар, како и соодветните маркетинг стратегии за понуда на производ на странскиот пазар на некои од светските компании.

Трудот за предмет на истражување ја има проблематиката на настапот на компаниите на странскиот пазар, со креирање соодветен производ и стратегија за избор на најсоодветен производ кој ќе биде прифатен од потрошувачите на странскиот пазар. Околностите на меѓународниот пазар очигледно покажуваат дека не постои единствен пристап на конкуренцијата, еден тип стратегија која води кон деловен успех.

Карактерот на конкуренцијата се менува и претпријатието не може во подолга низа на години да остварува успех со истата стратегија, поради што претпријатијата кои своите меѓународни деловни активности ги извршуваат на повеќе пазари мора да обрнат поголемо внимание на координацијата на нивните активности што бара иницирање промена на стратегијата и понуда на интересен, поинаков и креативен производ од страна на менаџментот на претпријатието.

Во истражувањето и обработката на предметната материја се применуваат научни методи. Покрај теоретските истражувања, се применуваат аналитичкиот, компаративниот и статистичкиот метод. За подобро разбирање се применуваат и практични примери, како и адекватни табели и илустрации кои служат за подетално објаснување на суштината на изборот на производ за настап на странскиот пазар, а како конкретни извори на податоци се користени и податоци добиени од истражувања спроведени од авторот, стручна литература од домашни и странски автори која се однесува на проблемот на истражувањето.

Во трудот се изнесува заклучок кој упатува на потребата од тоа дека силните светски компании и развиените земји посветуваат значително внимание во осмислување на маркетинг производи кои секојдневно ја одбележуваат глобалната економија. Тоа е модерен концепт на функционирање на успешните компании во светот, кои во континуитет посветуваат големо внимание на производниот процес, обезбедувањето на соодветни промотивни стратегии и создавање на поволна пазарна сегментација, преку што би се обезбедил успешен настап на меѓународниот пазар. Токму овој начин на функционирање претставува успешен рецепт за силните позиции на овие компании на меѓународните пазари.

**Евалуација на трудот број 2:**
**„MY EXPERIENCE OF CREATING AN AUDIT AUTHORITY IN A WESTERN BALKAN COUNTRY“**

Трудот е од особено значење, бидејќи на експлицитен начин е разработена областа на соработката помеѓу врховната ревизорска институција во Европа - Европскиот суд на ревизори (ЕСР) со седиште во Луксембург и Врховната ревизорска институција во Република Македонија – Државниот завод за ревизија (ДЗР), искуството за ревизија на Европските фондови кое авторот го стекнал со стажирањето во Европскиот суд на ревизори како прв претставник од Република Македонија и во колкава мера ова искуство му помогнало на авторот при формирањето и воспоставувањето на функционално независно ревизорското тело за ревизија на европските фондови – Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија.

Трудот дава детален осврт на чекорите во формирањето на Ревизорското тело, неговото место, функции и мандат, како и ревизорскиот пристап и методологијата при ревизија на ИПА фондовите во Република Македонија. Трудот се осврнува на искуството кое кандидатот го стекнал со можноста да биде директно вклучен во новата ревизија на успешност на искористеноста на средствата од ЕУ согласно со годишните програми за периодот 2001-2006 г. во областа правда и внатрешни работи во земјите од Западен Балкан, обработка на стратегиските документи, годишните програми, европските партнерства,

договорите за асоцијација и стабилизација на сите земји кои биле опфатени и посетени со оваа ревизија, т.е. Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Албанија, како и посети - ревизорски мисии на Европската комисија (DG Enlargement и DG Justice, Freedom and Security) и во Советот на Европската унија (DG External Relations - Police Unit) во Брисел, контрола и проверка на финасиските документи, предлог-проектите согласно со годишните програми (project fiches), специфични документи поврзани за секој избран проект посебно, секојдневни состаноци и дискусии со тимот на ревизори од Европскиот суд на ревизори и изработка на анализи од прелиминарното истражување и проценка на ризикот на можните проекти кои би се ревидирале во секоја земја одделно, со посебен фокус на проектите во Република Македонија.

За време на стажирањето во Европскиот суд на ревизори, кандидатот имал можност за понатамошно професионално усовршување преку активно учество во следните обуки, семинари и состаноци: Структура и улога на Европскиот суд на ревизори, ревизорска методологија која ја применува ЕСР , Семинар за ИТ компјутерската мрежа со која работи ЕСР, Обука за користење на ASSYST – ИТ програма која ја користат ревизорите за евидентирање на документите од одделните фази во ревизијата, Обука за користење на SNAP Reporter, Обука за Community Law – Законодавството на ЕУ, учество на IV EUROSAI Working Group Environmental Auditing  Meeting Luxembourg – семинар за ревизија на животната средина, Обука за генералниот буџет на Европската унија и постојната финансиска легислатива, Семинар за објавениот Special Report No 7/2006, кој се однесува за користењето на инвестициите во областа на земјоделството и развојот на неразвиените подрачја, презентација на книгата од Paolo Guista ‘Ethics matters’ – примена на етиката во ЕСР, презентација на новиот прирачник за ревизија на успешност кој го користи ЕСР...

Поддршката што ја дава Европскиот суд на ревизори за ревизорските тела во земјите од Западен Балкан е особена важност за споделување на  заедничкото искуство и натамошно јакнење на капацитетите за ефективна и ефикасна имплементација на помошта на Европската унија во земјите корисннчки.

Додадена вредност за Европскиот суд на ревизори е да се добие осигурување за капацитетите, пристапот и методологијата за ревизија што се користи од страна на ревизорските институции во процесот на ревизија на ЕУ средствата и можностите за идна соработка за време на ревизија на фондовите на ЕУ во таа одредена земја.

За ревизорските институции во земјите-корисннчки на ЕУ фондовите ваквата соработка им помага од аспект на размена на искуства и користење на ревизорското искуство од ревизорскиот пристап и методологија на Европскиот суд на ревизори,  да ги зајакнат своите национални институции во согласност со барањата на ЕУ и меѓународно прифатените стандарди за ревизија, да има континуитет во градењето на капацитетите како дел од зајакнувањето на административните капацитети на Ревизорските институции, дејствувајќи како чувар и заштита дека средствата на ЕУ ќе се имплементираат и искористат во согласност со правилата и процедурите на ЕУ и националните законодавства.

Постоењето на високопрофесионални и независни Ревизорски институции е основен предуслов да се даде додадена вредност за подобрување на ефикасното функционирање на целокупниот ИПА систем. Преку давање на навремени, соодветни и јасно разбирливи ревизорските препораки ревизорските институции учествуваат во процесот на подобрување на функционирањето на воспоставените системи за управување и контрола за имплементација на фондовите на ЕУ, кои водат директно до поголем капацитетот за апсорпција на земјата-корисничка и надминување на предизвиците во процесот на приближување и добивање статус на полноправна членка на Европската унија.

**Евалуација на трудот број 3:**
**„ZNACAJ RAZLICNIH VRSTA REVIZIJE U PROCESU VESTACENJA“**
**„ЗНАЧЕЊЕТО НА РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ НА РЕВИЗИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВЕШТАЧЕЊЕ“**

Трудот ја истакнува важноста на различните видови на ревизија во процесот на вештачење согласно со предметот на испитување, органот кој ја спроведува ревизијата,

како и зависно од областа на испитувањето, имајќи предвид дека ревизијата се врши со цел да се оцени ефективноста во работата, организацијата и бизнис донесувањето одлуки во деловните субјекти. Со глобализацијата на пазарот и синергетската мешавина на странски директни инвестиции и улогата и важноста на големите мултинационални корпорации, се наметнува потребата за зајакнување на важноста на ревизијата во процесот на вештачење.

При спроведување на ревизии и контроли, ревизорите користат различни техники со цел да се утврди дали постои одредено „штимање/подесување" на финансиските извештаи, да се оцени степенот на независност во работењето, како и можниот силен конфликт на интереси на членовите на управните и надзорниот тела, што се можности за појава на измами и како и дали е воспоставен систем за рано откривање и управување со ризиците и заштитата во случај на ризик од измама.

Ревизија помага во процесот на вештачење да се утврдат околностите и да се соберат доволно докази во случај на извршување измама во областа на финансиите, осигурувањето, да се идентификува измама, перење пари, фиксирање на цените, манипулација на тргување на берзите и слични нелегални активности во деловните субјекти.

Секоја организација се стреми во рамките на својата организациска структура да воспостави ефикасен систем на интерни контроли кои ќе помагаат постојано да се следи состојбата во деловните субјекти, да се дефинираат ризичните подрачја, како и да се спречат случаи на нерегуларности, грешки или можна измама.

**Евалуација на трудот број 4:**
**„AUDIT OF EU FUNDS"**
**„РЕВИЗИЈА НА ЕУ ФОНДОВИ"**

Трудот се фокусира на областа на ревизијата на ЕУ фондовите кои Европската комисија ги дава на земјите со статус кандидати и потенцијални кандидати, со цел да се зајакнат капацитетите на нивните економии да бидат подготвени за правилно и ефикасно управување на фондовите на ЕУ, подобрување на системите за финансиско управување, прогресивно усогласување со стандардите и политиките на Унијата, вклучувајќи го и каде што е соодветно правото на ЕУ и постепено подготвување на земјите да управуваат со структурните и кохезионите фондови по пристапувањето во Унијата.

Во трудот на експлицитен начин е објаснета ревизорската методологија и пристапот при вршењето на ревизијата на ЕУ фондовите преку организирањето и спроведувањето на ревизиите на системот на ИПА, како и ревизиите на операции и ИПА проекти. Ревизорскиот пристап при вршењето на ревизијата на ЕУ фондовите започнува со планирањето и организирањето на системските ревизии, со цел да се утврди ефективното функционирање на воспоставениот систем за управување и контрола на ЕУ фондовите, а потоа се пристапува кон ревизијата на операции и ИПА проекти, каде што се ревидира и се дава независното ревизорско мислење за веродостојноста не финансиските информации кои се доставуваат до Европската комисија.

Главниот предизвик за земјата-корисник на ИПА е да се воспостави соодветен систем за ревизија и контрола на фондовите на ЕУ, со цел да се потврди ефективно функционирање на воспоставување на управување и контрола на системот, како и сигурноста на финансиски информации испратени до Комисијата, на тој начин да намалување на ризикот од неправилно користење на помошта на ЕК дека може да доведе до можни финансиски корекции.

**Евалуација на трудот број 5:**
**„IMPORTANCE OF PROPER AUDIT TRAIL"**
**„ВАЖНОСТА ОД ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СООДВЕТНА РЕВИЗОРСКА ТРАГА"**

Трудот ја обработува најважната област во ревизијата – воспоставувањето на соодветна ревизорска трага, која всушност е главната алатка на ревизорите во објаснувањето на користениот ревизорски пристап и методологија при спроведување на ревизијата, усогласеноста со меѓународните ревизорски стандарди и добрата пракса.

Од посебна важност е да се воспостави и на долг рок да се одржи соодветна ревизорска

трага која им помага на ревизорите и го поддржува ревизорот во неговиот ревизорскиот пристап континуирано да го следат квалитетот на извршената работа, како и да се оцени објективноста и правичноста во основата на проценките направени и мислења дадени, обемот и комплетноста во планирањето, извршувањето на ревизиите, сигурноста и валидноста на мислењата, наодите и заклучоците, развој на соодветни препораки и релевантноста на други прашања презентирани во своите ревизорски извештаи.

Соодветната ревизорска трага ја објаснува и навременоста на прашањето за спроведување на одредена ревизија, ефикасноста во извршувањето на ревизиите, како и јасноста во презентацијата на ревизорските извештаи.

Од големо значење е да се напомене дека и ревизорите можат да бидат предмет на ревизија, што само по себе ја повлекува одговорноста за извршената работа – спроведените ревизии и одржување на соодветна ревизорска трага за тоа. Целокупната документација од спроведената ревизија, всушност, претставува ревизорска трага за секоја одделна фаза во спроведување на ревизијата – од планирање, извршување до известување на резултатите од ревизијата.

Ефективност, професионалност и соодветна грижа мора да ја води ревизорската работа во текот на сите фази и ревизорите треба правилно да ја документираат нивната ревизија работа со цел да се добие соодветна и доволна ревизорска трага.

**Евалуација на трудот број 6:**
**„ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ И ЕВРОПСКАТА СОСЕДСКА ПОЛИТИКА“**

Трудот ја обработува областа на европската соседска политика со посебен акцент на процесот на проширување, притоа појаснувајќи ја долгорочната политика на Европската комисија која настојува да ја одржува политиката на проширување преку укажување и приближување на европската перспектива кон новите земји-членки преку предлагање на нови иницијативи.

Политиката на проширување дава видливи резултати во однос на растот и создавање работни места насекаде во ЕУ, како во старите, така и во новите земји-членки. Процесот на проширувањето создава *win-win* ситуација за постојните и идните земји-членки на Унијата. Поддршката која Унијата ја дава на земјите со статус кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата да се подготват за пристапување и да ги зајакнат сопствените економии во насока на усогласувањето со правилата на ЕУ и стандардите, опфаќа и поблиска соработка и интеграција со соседите, со цел постигнување на целите на Унијата кои се клучни за нејзиниот просперитет и безбедност, како и за економско заздравување и одржлив раст и развој.

Европската комисија преку континуирано спроведување на процесот на проширување и на европската соседска политика, како и помошта што се дава на земјите преку новиот инструмент за претпристапна помош – ИПА фондовите, настојува преку давање на поддршка на соседите и на земјите-корисннички на претпристапната помош да ги развијат и зајакнат националните економии и владеењето на правото, како и подготовка за предизвиците кои ги очекуваат како полноправни членки на Унијата. Помошта на Унијата е насочена и пристапот е дизајниран во согласност со долгорочните политики на ЕУ давајќи можност на граѓаните да бидат повеќе вклучени во суштината на процесот на европска интеграција, притоа промовирајќи го партнерство како клучен елемент на доброто управување.

Економската и социјална кохезија е заедничка одговорност и влијанието на европската соседска политика ќе зависи директно од нејзиното влијание врз економскиот и институционалниот развој на нови соседи на Унијата. Европската соседска политика се обидува да промовира трговијата преку правна хармонизација со стандардите на Унијата, вклучувајќи политичкото здружување и подлабоко економска интеграција, зголемена мобилност и повеќе контакти, притоа опфаќајќи голем број на прашања како транспортот, енергијата, истражувањето, миграцијата.

**Евалуација на трудот број 7:**
**„УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА“**

Во трудот се обработува областа на внатрешната ревизија, нејзината улога и значењето за ефикасно работење на деловните субјекти, меѓународните стандарди согласно со кои е потребно да се организира и спроведува внатрешната ревизија, како и потребата од воспоставување на систем за долгорочна континуирана обука и професионално усовршување на вработените.

Внатрешна ревизија претставува независна проценка за мерење и оценување на ефикасноста на воспоставениот системот на внатрешна контрола кај деловниот субјект и ја има клучната функција на известување на повисокото раководство за функционирањето на системите за управување и контрола.

Одговорностите на менаџментот се од аспект на веродостојност на податоците и информациите приложени во сметководствените извештаи, како и воспоставување на соодветен систем на интерни контроли и воспоставување на соодветни внатрешни процедури за тековно следење на процесите за управување и контрола и давање на навремени повратни врски (feedback) во случај на детектирање слабости на системот. Одговорноста на ревизорите е да дадат независно и компетентно ревизорско мислење за веродостојноста на сметководствените информации кои се приложени во сметководствените извештаи од аспект на наменско и законско користење на средствата, како и да дадат мислење за ефективното функционирање на воспоставениот систем за управување и контрола. Извештаите од внатрешната ревизија се директен инпут за раководството во процесот на донесувањето на деловните одлуки.

Добро воспоставениот систем на внатрешна ревизија во деловните субјекти значи постоење на професионално обучени лица кои континуирано ќе ја следат имплементацијата на стратешките приоритети и реализацијата на годишните програми во деловните субјекти, со цел зголемување на економичноста, ефективноста и ефикасноста во реализацијата на истите.

Со цел задржување на високото ниво на стручност и компетентност во работењето, внатрешните ревизори е потребно да имаат воспоставено систем на континуирана едукација. Потребата за континуирана едукација на ревизорите е еден од предусловите за постоење на ефективна внатрешна ревизија која директно ќе му помага на деловниот субјект за подобрувањето на воспоставениот систем на интерни контроли со цел зголемување на економичноста, ефективноста и ефикасноста во работењето.

**Евалуација на трудот број 8:**
**„РЕВИЗИЈАТА И КОНТРОЛАТА КАКО МЕХАНИЗАМ ЗА ОЦЕНКА НА РАБОТЕЊЕТО, ОРГАНИЗИРАНОСТА И НОСЕЊЕТО НА ДЕЛОВНИТЕ ОДЛУКИ“**

Трудот ја обработува областа на ревизијата и контролата како механизам за оценка на работењето, организираноста и носењето на деловните одлуки со посебен осврт на надворешната и внатрешната ревизорска функција, како и различните видови на ревизија – ревизијата на финансиските извештаи, ревизијата на усогласеност на постапките, ревизијата на успешност во работењето на деловните субјекти и судската ревизија.

Воспоставувањето на соодветен систем за управување и контрола, имплеметација на процедурите, прирачниците и воспоставување на континуиран систем на обучување на вработените со цел подобрување на функционирањето на деловниот субјект, се од големо значение за добивањето на навремени информации со цел носење на правилна оценка за работењето, степенот на организираноста и носењето на соодветни деловни одлуки.

Внатрешната ревизија претставува независна проценка за мерење и оценување на ефикасноста на системот на внатрешна контрола и ја има клучната функција на известување на повисокото раководство за функционирањето на системите за управување и контрола, дава соодветни препораки за начините за подобрување.

Надворешната ревизија е доверена на посебна организација, која е поврзана со или е на исто хиерархиско ниво, како и законодавната власт, т.е. Врховните ревизорски

институции (ВРИ), се независни од власта и имаат мандат да вршат ревизија или да ги испитаат повеќето аспекти на активностите на Владата и да ги пријават своите наоди до законодавниот дом и да ја информираат пошироката јавност.

Ревизорското мислење ја потврдува веродостојноста на финансиските извештаи, како и ефективното функционирање на воспоставениот систем за управување и контрола. Притоа треба да се истакне одговорноста на менаџментот кој раководи со субјектот предмет на ревизија, од аспект на веродостојност на податоците и информациите приложени во сметководствените извештаи, како и воспоставување на соодветен систем на интерни контроли и воспоставување на соодветни внатрешни процедури за тековно следење на процесите за управување и контрола и давање на навремени повратни врски (feedback) во случај на детектирани слабости на системот, како и одговорноста на ревизорите кои ја спроведуваат ревизијата да дадат независно и компетентно ревизорско мислење за веродостојноста на сметководствените информации кои се приложени во сметководствените извештаи од аспект на наменско и законско користење на средствата, како и да дадат мислење за ефективното функционирање на воспоставениот систем за управување и контрола.

**Евалуација на трудот број 9:**
**„СИСТЕМ НА КОНТРОЛА ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАМЕНСКО И ЗАКОНСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОМОШТА ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)“**

Овој труд се фокусира на системите на контрола кои ги има воспоставено Европската комисија, со цел остварување на законско и наменско искористување на помошта што ја дава Комисијата на земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата преку инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Европската комисија преку соодветните генерални директорати со седиште во Брисел организира и спроведува ревизија и контрола на имплеметацијата на помошта од Унијата во земјите-корисннички, со што го намалува ризикот од ненамнско и незаконско искористување на помошта, а преку давањето на соодветни ревизорски препораки директно влијае врз подобрување на ефективното функционирање на воспоставениот систем за управување и контрола.

Генерален директорат за проширување (DG ELARG), кој е одговорен за следење на процесот на проширување како важен дел од приоритетите на надворешната политика на Европската унија. Генералниот директорат за проширување е одговорен за имплементација на помошта преку ИПА компонента I (TAIB) и делот од ИПА компонента II (CBC) во случајот кога имплементацијата на ИПА се врши преку проекти за прекугранична соработка во кои како инволвирани страни се земји со статус кандидат или потенцијален кандидат за членство во Европската унија.

Генерален директорат за регионален развој (DG REGIO), одговорен за зајакнување на регионалниот развој и намалување на економските и социјалните разлики помеѓу земјите, како и континуирана поддршка на проблематичните и помалку развиени региони и области. Генералниот директорат за регионален развој е одговорен за помошта од Унијата која се имплементира преку третата ИПА компонента – Регионален развој, како и преку втората ИПА компонента (CBC), во случај кога се работи за програма за прекугранична соработка во кои се инволвирани земји-кандидати и/или земји потенцијални кандидати од една страна и земја-членка на Унијата, од друга страна.

Генерален директорат за вработување (DG EMPL) им помага на земјите во процесот на развивањето модерен и одржлив европски социјален модел со повеќе и подобри работни места во општеството, врз основа на почитување на принципот за еднакви можности. Одговорностите за контрола и ревизија на ефективното искористување на средствата од инструментот за претпристапна помош кои земјите-кандидати можат да ги користат преку ИПА компонента IV – Развој на човечките ресурси е директно координинрана преку Генералниот директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности при Европската комисија во Брисел (DG EMPL).

Генерален директорат за рурален развој (DG AGRI), одговорен за ревизија и контрола на користењето на помошта од Унијата за развој на земјоделието, односно Рурален развој. Имајќи предвид дека начинот на имплементација на ИПА компонентата за рурален развој се врши целосно децентрализирано – без претходни контроли од страна на Комисијата, од голема важност е постоењето на соодветен систем на ревизија и контрола на начинот на имплементација на ИПАРД проектите од аспект на наменско и законско искористување на средствата. Трошоците кои се декларираат кон Комисијата, а се поврзани со реализацијата на ИПАРД проектите.

**Евалуација на трудот број 10:**
**„УСОГЛАСЕНОСТ И СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕВИЗОРСКИТЕ ПОСТАПКИ“**

Во трудот е разработена потребата и важноста од усогласеност и стандардизација на ревизорските постапки при организирање и спроведување на ревизиите со општоприфатените стандарди за ревизија и тоа општите стандарди (Техничко знаење или стручност, независност во поглед на ставовите, и должно професионално внимание), стандардите на изведување на ревизијата (адекватно планирање и супервизија, разгледување на структурата на интерната контрола и доволно соодветен доказен материјал) и стандардите на известување (Презентираниот финансиски извештај да е во согласност со општоприфатените сметководствени принципи, доследно почитување на сметководствените принципи или конзистентна примена на сметководствените принципи, сметководствените извештаи се логични и адекватни ако во ревизорскиот извештај не е дадено поинакво мислење и ревизорскиот извештај мора да содржи мислење во поглед на сметководствениот извештај како целина  и во склад со собраните докази.

Организирањето и спроведувањето на ревизорските активности во согласност со општоприфатените ревизорските стандарди, всушност, претставува гаранција за ревизорот, но и за корисниците на ревизорските извештаи дека ревизијата е организирана и спроведена со високо ниво на квалитет и професионалност.

Ревизорите со примената и следењето на ревизорските стандарди осигуруваат соодветен квалитет во спроведените ревизорските постапки преку соодветна проверка на воспоставениот систем на интерни контроли, обезбедување на соодветен и веродостоен ревизорски доказ врз основа на кој се искажани резултатите од спроведената ревизија и на крајот подготовка и издавање на независен ревизорски извештај во кој ревизорот ги презентира утврдените слабости и недостатоци, но и дава соодветни ревизорски препораки со цел подобрување на настанатите состојби кои се утврдени при ревизијата.

**Евалуација на трудот број 11:**
**„ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОМОШТА  ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА  ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)“**

Трудот на експлицитен начин ги разработува аспектите кои се поврзани со глобализацијата и приближувањето на земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија преку искористување на помошта  од  инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Со цел помош на земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата, Европската комисија од јануари 2007 година го воспостави новиот инструмент за претпристапна помош за да се поттикне соработката и да се помогне на земјата-корисник во прогресивното усогласување со стандардите и со политиките на Европската унија во насока на соодветно зајакнување на националните економии и зголемување на компетитивноста при пристапот на странските пазари.

Воспоставувањето на ефективен систем за имплементација на европските фондови е јасно пропишано во Регулативата на Европската комисија бр. 718/2007, каде е укажано дека земјите потенцијални корисници на европските фондови (ИПА) е потребно во рамките на националните економии да воспостават соодветна структура на институции

преку кои ќе се имплементираат европските фондови, и тоа Национален ИПА координатор (НИПАК), Стратешки координатор за ИПА компонента 3 и ИПА компонента 4, Надлежен координатор за акредитација, Национален координатор за авторизација, Национален фонд, Оперативна структура (ЦФЦД, ИПАРД агенција, Тело за управување) и Орган за ревизија (Ревизорско тело).

Трудот посебно ги обработува европските фондови кои ќе се користат во периодот 2007-2013 година преку новиот инструмент за претпристапна помош, притоа задржувајќи се на поимот ИПА и потребата од воведување на новиот претпристапен инструмент, основните карактеристики на ИПА фондовите, земјите кориснички на ИПА фондовите, како и областите во кои Европската комисија им помага на земјите преку соодветни финансиски алокации.

**Евалуација на трудот број 12:**
**„ЗНАЧЕЊЕ НА МАРКАТА ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР“**

Трудот се насочува кон марката на производите, нејзиното значење и функции, како и нејзината важност на меѓународните пазари. Имено, напредокот на технологијата и развојот на маркетинг методите дефинираат нови моменти и начини на коишто производите или услугите се нудат до купувачите, односно крајните потрошувачи и прифаќањето и примената на соодветни марки на производи бара одредени предуслови како на ниво на претпријатието, така и на општествено ниво при примената во меѓународни рамки. Со развојот на одредена компанија се зголемуваат и нејзините афинитети за остварување на профит и нејзино понатамошно развивање и надградување. При ваквиот развој се доаѓа во ситуација кога претпријатието своето внимание го насочува кон креирањето на соодветни марки, брендови на производи кои со своите предности му овозможуваат на деловниот субјект можности да го прошири својот пазар, да влезе на друг пазар во некоја друга држава, да задоволи други купувачи, да оствари уште поголеми профити и нормално да ја задржи нагорната линија на развојот на компанијата.

Изнаоѓањето соодветна марка на производ за настап на меѓународниот пазар е претпоставка не само за растот и развојот, туку и за опстанокот на претпријатието во пазарното стопанство. Марката значи препознатливост и вредност која се создава во свеста, се гради лојалност, укажува на квалитет, емоции и се поистоветува со искуството на потрошувачот претставено преку комплексен и индивидуализиран збир на слики, идеи, искуства, носат емоции и асоцијации, односно се понуди целосен „пакет” на бенифиции и задоволства за кои купувачот верува дека ги добива доколку го купи производот.

Лојалноста е степен на приврзаност на купувачот кон производот марка, додека свесноста претставува сознание за производот кој го преферира потрошувачот.

Промените кои настануваат во деловното опкружување бараат постојано приспособување кон новите пазарни можности, корисење на соодветни марки на производи, како и континуирано приспособување на понудата на претпријатието за настап на меѓународните пазари.

**Евалуација на трудот број 13:**
**„ЕВРОПСКИОТ СУД НА РЕВИЗОРИ ВО УЛОГА НА НАДВОРЕШЕН РЕВИЗОР ПРИ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)“**

Трудот се фокусира на структурата и функциите кои ги има Европскиот суд на ревизори во процесот на имплементација на европските фондови. Унијата има воспоставено соодветен механизам за ревидирање на помошта, со цел да се обезбеди наменско и законско имплементирање на помошта со краен ефект – да се заштитат финансиските интереси на даночните обврзници на Унијата. Европскиот суд на ревизори во процесот на имплементација на помошта од европските фондови ја има улогата на надворешен ревизор при искористување на поддршката од „Инструментот за претпристапна помош (ИПА)“.

Европскиот суд на ревизори со седиште во Луксембург е основан со Договор од Брисел на 22 јули 1975 год. и започнал со работа во октомври 1977 година. Мисијата на Европскиот суд на ревизори е да врши независна ревизија на собирањето и трошењето

на средствата на Европската унија и преку тоа да го оцени начинот на кој европските институции ги вршат овие дејности. Притоа, Европскиот суд на ревизори проверува дали финансиските трансакции се соодветно евидентирани и активностите спроведени со цел да обезбедат економичност, ефикасност и ефективност во работењето.

Како дел од своите надлежности, Европскиот суд на ревизори ги ревидира финансиските сметки на сите приходи и расходи на Европската унија, проверува дали сите приходи биле примени и дали сите расходи настанале на законски и правилен начин и дали финансиското раководење било добро, што значи дали се земени предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност во работењето, изработува Годишен извештај кој ги содржи забелешките во врска со извршувањето на буџетот на Европската унија за секоја финансиска година, вклучително со изјавата за веродостојност за финасиските сметки на Европската унија за таа година и законитоста и исправноста на трансакциите врз кои истите се темелат, може, кога и да е, во форма на специјални извештаи да достави забелешки во врска со конкретни прашања по сопствен избор, известува за случаи на неправилности или сомневање за измама коишто ги открива во текот нанеговото работење, дава формални мислења за предлози за законодавни акти на ЕУ од финансиска природа, може да советува во врска со предложените мерки во борба против измами, помага на Европскиот парламент при неговата контрола на извршувањето на буџетот на Европската унија со објавување на ревизорските извештаи и мислења.

Европскиот суд на ревизори како надворешен ревизор на ЕУ придонесува за подобрување на финансискиот менаџмент на Унијата и делува како независен чувар на финансиските интереси на граѓаните на Унијата.

**Евалуација на трудот број 14:**
**„КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОИЗВОДОТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАЗАР“**

Трудот ја објаснува важноста на одредени карактеристики на производот, како што се дизајнот, квалитетот, физичките карактеристики, цената, пакувањето, изгледот, гаранциите, марката, продажните услуги кои претставува резултат на напорите во производствениот процес на производното претпријатие. Конечната верификација на вложените напори во тој процес се остварува на пазарот каде што купувачот одлучува при изборот на производите со иста или слична намена. Во маркетингот производот се дефинира како сѐ што може да се понуди на пазарот за да предизвика внимание, купување, употреба или потрошувачка, а што може да задоволи некоја желба или потреба.

Производите претставуваат комплексни физички опипливи предмети кои имаат свој квалитет, определена вредност изразена како цена и се наоѓаат во некоја фаза на определен животен циклус.

Производите можат да се искажат како основни производи - производи наменети за задоволување на основни потреби на купувачите и постојни производи - производи сврзани со задоволувањето на потребите на потрошувачите со определено ниво на квалитет, соодветни карактеристики, име или марка, форма, пакување.

Поголемиот број производи се јавуваат во физички облик, но еден дел од нив претставуваат услуги кои, исто така, се производи (услужни производи). Производи се и луѓето, местото, организација, па дури и некоја замисла. Оттаму и воопшто може да се каже дека производите се сето она што може да ја сочинува понудата, вклучувајќи физички предмети, услуги, луѓе, места, организации и идеи.

Вниманието треба да биде дадено на предностите што ги добива купувачот со купувањето на определениот производ. Купувачот е тој кој одлучува за тоа кој производ ќе го купи, а тоа ќе го направи за оној производ за кој смета дека ќе му донесе повеќе погодности и колку производот поцелосно одговара на замислената или на вистинската претстава во процесот на задоволување на потребите, толку повеќе ќе остварува финансиски резултати.

**Евалуација на трудот број 15:**
**„ИНСТИТУЦИОНАЛНА СТРУКТУРА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Со овој труд детално се обработува институционалната структура која е воспоставена во Република Македонија за користење на инструментот за претпристапна помош, нивните карактеристики функции, комуникација и хиерархиска поставеност.

Инструментот за претпристапна помош (ИПА) ги заменува претходните програми (CARDS, ISPA, PHARE, SAPARD, Претпристапниот инструмент за Турција), преку кои Европската унија обезбедуваше помош на земјите кандидати и потенцијални кандидати во претходниот програмски период, пред 2007 година. Помошта преку ИПА е насочена со цел да се обезбеди континуирана поддршка на земјите кориснички во процесот на нивното прогресивно усогласување со стандардите и политиките на ЕУ, вклучувајќи го, онаму каде што е соодветно и acquiscommunautaire, во поглед на членството.

Во јуни 2007 година Европската унија ја донесе Регулативата бр. 718 за спроведување на Регулативата бр. 1085/2006 за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), врз основа на што секоја земја корисник со Европската унија потпишува Рамковна спогодба склучена помеѓу Комисијата на Европските заедници и земјата корисник, за правилата за соработка во врска со финансиската помош на Европската заедница за земјата корисник во рамките на спроведување на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА) – Рамковна спогодба и Спогодба помеѓу Владата на земјата корисник и Комисијата на Европските заедници за правилата за финансиска соработка во однос на финансиската помош од Европската комисија на земјата корисник и спроведување на помошта според компонентата V (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош (ИПА) – Секторска спогодба.

Република Македонија има воспоставено соодветена институционална структура за управување и контрола при користењето на Инструментот за претпристапна помош, т.е. Владата има формирано и назначено национален ИПА координатор, стратешки координатор за компонентата за регионален развој и за компонентата за развој на човечки ресурси, надлежен координатор за акредитација, национален координатор за авторизација, Национален фонд, Оперативна структура по компоненти на ИПА и Ревизорско тело.

Особено е важно да се нагласи потребата и важноста од воспоставување на ефективен систем од институции и тела потребен за имплементација на европските фондови, кој во практиката значи дека фондовите ќе се имплементираат согласно со правилата на Унијата, а согласно со препораките од спроведените ревизии од страна на соодветните генерални директорати од Европската комисија и од страна на националното ревизорско тело ќе се подобри начинот на управување и искористување на помошта што ќе придонесе кон зголемување на апсорпционите капацитети на земјата корисник.

**Евалуација на трудот број 16:**
**„НЕОПХОДНОСТ ОД НАСТАП НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР И ОСТВАРУВАЊЕ МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА“**

Со овој труд се обработува потребата и неопходноста за настапот на деловните субјекти на меѓународниот пазар и процесот на остварување на меѓународната размена, притоа имајќи предвид дека меѓународниот бизнис се состои од трансакции кои се остваруваат надвор од домашните граници со цел да се реализираат целите и задачите на поединците, компаниите и на организациите. Во трудот на експлицитен начин се обработени детерминантите за успешен настап на странските пазари кои овозможуваат зголемен проток на идеи, услуги и капитал низ целиот свет, понуда на купувачите на нови можности, набавка на голем број различни производи, олеснето движење на работната рака, капиталот и технологијата, различни можности за вработување, како и реалокација на ресурсите.

Настапот на меѓународните пазари нуди нови можности и за деловните субјекти од големо значење е однапред да се запознаат со карактеристиките на меѓународниот пазар од аспект на разликите кои ги наметнуваат културата и начинот на живот, разликите во демографските карактеристики на населението, побарувачката и навиките за купување,

разликите во производството и трошоците за продажба на производите и услугите, девизните курсеви, политиката на власта и регулативата, големината на пазарот, нивото на конкуренцијата, итн. со цел определување на соодветна стратегија за воспоставувањето на пазарни или надворешно-трговски односи меѓу две или повеќе држави. Преку зајакнувањето на меѓународниот бизнис со настап на надворешните пазари, се креира мрежа на меѓународни врски кои ги поврзуваат земјите и институциите со трговијата, финансиските пазари, технологијата и со животниот стандард.

Кандидатот како експерт во дејноста учестутал во повеќе образовни РТВ програми со интервјуа, дискусии и статии во весници, кои се објавени на следните линкови:

http://www.vecer.com.mk/?ItemID=E929419E4B249B4C8A91B8935A0B446A ,

http://www.m.idividi.com.mk/News.aspx?IDNews=726248,

http://217.16.95.55/default.asp?ItemID=7E32EB9BD641894CBCD3346A24BA0742,

http://www.ohridon.com/m-vesti/6938.html,

http://www.cef-see.org/news/in-focus-cef-empowers-practitioners-in-performance-auditing-2013-07-09,

http://www.myvideo.ge/?video_id=1539604,

http://stara.ohridpress.com/index.php?option=com_content&view=article&id=9287:2011-11-17-14-21-41&catid=34:2010-02-13-14-16-37&Itemid=114.

Кандидатот има големо искуство во организирање и раководење со семинари и меѓународни конференции и тоа:

Март 2010 г. (Прва регионална конференција на ревизорските институции во Велес, Р. Македонија).

Организатор и раководител на Првата регионална конференција на ревизорските институции за ревизија на европските фондови во земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата и активно учество со презентација како претставник на Ревизорската институција од Република Македонија за ревизија на ИПА фондовите.

Октомври 2010 г. (Втора регионална конференција на ревизорските институции во Подгорица, Р. Црна Гора).

Организатор и раководител на Втората регионална конференција на ревизорските институции за ревизија на европските фондови во земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата и активно учество со презентација како претставник на ревизорската институција од Република Македонија за ревизија на ИПА фондовите.

Ноември 2011 г. (Трета регионална конференција на ревизорските институции во Охрид, Р. Македонија).

Организатор и претседавач на Третата регионална конференција на ревизорските институции за ревизија на европските фондови во земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Унијата и активно учество со презентација како претставник на Ревизорската институција од Република Македонија за ревизија на ИПА фондовите.

Ноември 2011 г. (Семинар за зајакнување на капацитетите на Државната ревизија Тибилиси, Грузија)

Раководител и водечки експерт на семинар за зајакнување на капацитетите на Државната ревизија во областа на ревизија на успешност во Тибилиси, Грузија.

Октомври 2009 г. (Семинар за јавни набавки согласно ЕУ правила, измами и неправилности / PRAG and Practice and Fraud and Irregularities).

Организатор и раководител на семинар во Скопје (Клуб на пратеници) на тема *Јавни набавки согласно ЕУ правила, измами и неправилности* (PRAG and Practice and Fraud and Irregularities).

Октомври 2008 г. (Семинар за можностите преку ИПА фондовите во РМ)

Раководител на семинар во Скопје (Скопски саем) за Лајонс клуб „Центар“ како дел од Lions International на тема *Можностите преку ИПА фондовите во Република Македонија*.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Кандидатот има голема научноистражувачка дејност, која се гледа во одржаните бројни предавања по покана на разни научни институции во земјава и во странство:

2010, 2011, 2012, 2013 г. (Центарот за развој на финансиите во Љубљана, Словенија)

предавач во областа ревизија на ИПА фондовите / ИПА проекти и

предавач во областа ревизија на успешност (економичност, ефективност и ефикасност).

2011 г. (Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип)

Предавач на тема „Практични прашања за постапки за јавни набавки“.

2012 г. (Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип)

Предавање на тема „Европски фондови во периодот 2007 – 2013 (ИПА(РД) фондови)

2013 (Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип )

Предавање при УГД „Гоце Делчев“ - Штип со наслов „Ревизија и контрола на Европските фондови“;

Предавање при УГД „Гоце Делчев“ - Штип со наслов „Европски фондови за поддршка на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија 2007-2013 и 2014-2020“.

2011 – 2013 г. (Европски универзитет, Република Македонија).

Договор за изведување на клиничка настава по предметите Економија на јавен сектор и Сметководствен систем на финансиски извештаи.

Мај 2013 г. (Регионална конференција на ревизорски институции во Анкара, Р. Турција).

Активно учество по покана од претседателот на Ревизорската институција во Турција, како почесен гостин - експерт, основач на мрежата на регионални конференции на ревизорските институции.

Јуни 2012 - Научна конференција при Европски универзитет во Република Македонија на тема „Анализа на медиумите за промоција на производите и услугите“ во организација на Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг“ – Скопје и Европскиот универзитет во Скопје.

***Учество со научен труд: „Значење на марката за меѓународниот пазар“.***

Ноември 2012 г. (Регионална конференција на Здружението на овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор), Белград, Р.Србија.

Присуство по покана на претседателот на Здружението на овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор.

Јуни 2013 г. - Трета меѓународна научна конференција при Европскиот универзитет во Република Македонија на тема „Промените во глобалното општество“.

Учество со научен труд „Процесите на глобализација и приближување на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија преку искористување на помошта од инструментот за претпристапна помош (ИПА)“.

Д-р Иван Игњатов има богато искуство како раководител и учесник на проекти од Европската унија и тоа:

– Србија и Црна Гора – меѓународен експерт за зајакнување на капацитетите на државните ревизорските институции за ревизија на европските фондови.
– Албанија – раководител на проект за зајакнување на капацитетите на државната ревизорска институција за ревизија на европските фондови.
– Турција – меѓународен експерт за спроведување на ревизија за подготвеноста на ИПАРД структурите во Турција за имплементација и користење на ИПА фондовите во областа на земјоделието (ИПАРД).

Кандидатот се стекнал со посебно искуство за вршење на ревизија на средствата од Европската унија за време на студискиот престој во Европскиот суд на ревизори во Луксембург (во периодот октомври 2006 – март 2007 г.), распределен во ревизорска група III, Сектор за ревизија на трошоците поврзани со централните и источните европски земји и ревизија на успешност -економичност, ефективност и ефикасност на ЕУ/КАРДС програмите.

Д-р Иван Игњатов е член во следните здруженија и меѓународни институции:

- Здружението на внатрешни ревизори во Република Македонија;
- Институт на внатрешни ревизори во Република Бугарија;
- Здружение на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија во Република Македонија;
- Лајонс клуб „Центар“ како дел од Lions International;
- Здружението на граѓани „Ден на дрвото - засади ја својата иднина“.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот има голема стручно-апликативна и организациско-развојна дејност преку учество во бројни научни проекти во земјава и во странство:

- Република Македонија - проект за подготовка на тренинг програма и одржување на обуки во областа „Подобрување на управувањето со јавните финансии“ на претставници од 80 општини во Република Македонија и градот Скопје.
- Србија и Црна Гора – проект за зајакнување на капацитетите на државните ревизорските институции за ревизија на европските фондови преку изработка на правилници и прирачници за ревизија и организирање обука за вработените.

Д-р Игњатов во периодот 2007-2011 г. е именуван од Владата на Ремублика Македонија како раководно лице со ревизорското тело за ревизја на ИПА фондовите, има сертификат за овластен државен ревизор и овластен судски вештак има искуство со учество во разни комисии и тоа: раководител на работна група за формирање на ревизорско тело за ревизија на ЕУ/ИПА фондови (Audit Authority), претседател на Комисија за јавна набавка за одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, член на Комисија за јавна набавка на геодетска опрема - ГПС уред, член на Комисија за јавна набавка на артикли за бифе, член на Комисија за јавна набавка на информатичка опрема, член на Комисија за јавна набавка на канцелариски мебел и заменик-член на Комисија за одбирање и евидентирање на архивска граѓа при Државен завод за ревизија.

Кандидатот има посетено голем број специјализирани обуки, работилници и семинари: European Academy for Tax, Economics & Law, Berlin, Germany (Reinforced Financial Control Requirements of EU Funds), Ревизорско тело за ИПА семинар во Скопје (Клуб на пратеници) на тема *Јавни набавки согласно ЕУ правила, измами и неправилности* (PRAG and Practice and Fraud and Irregularities), European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX) (Seminar for pre-accession experts and auditors), Center of Excellence in Finance (CEF) Bled, Republic of Slovenia (Strategic and Annual Plan of Audit Department), European Commission Directorate General for Agriculture and Rural Development (DG AGRI), Brussels (International Public Sector Accounting Standards -IPSAS Standards), Секретаријат за Европски прашање (СЕП) & Strategic Programme Fund United Europe (SPFRE), Охрид, Р. Македонија (IPA monitoring and review), European Organization of Supreme Audit Institutions (EUROSAI), Prague, Czech Republic (Experience with the implementation and Development of Performance Audits in Reaction to Challenges and Opportunities in a Changing Environment Auditing of Social Security Systems), European Commission – Directorate General for Regional Policy (DG REGIO) & INTERACT Point Vienna Thessalonici, Republic of Greece (IPA - CBC Management Systems Seminar - Transitional Approach), European Court of Auditors (ECA), Luxembourg (Audit of EU funds with respect of economically, efficiently and effectively audit approach), Секретаријат за Европски прашање (СЕП) & MATRA Ohrid, Republic of Macedonia (IPA Structural funds), European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX) Brussels (Financial Agreement (IPA) and subsequent obligations of the Candidate Countries), European Commission – Directorate General for Regional Policy (DG REGIO) & INTERACT & Ministry of Regional Development and Public Works of Bulgaria, Sofia, Republic of Bulgaria (Review of the Article 71 of the Regulation No 1083/2006 in light of their progress so far and the clarifications provided in the European Commission’s Compliance Assessment checklists), European Court of Auditors (ECA) Luxembourg (Western Balkans Justice and Home Affairs), European Commission -

Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Brussels (2007 Internal Audit Service (IAS) Conference), Институт за јавна администрација – Даблин, Ирска (Финансиско управување со Структурните фондови на Европската унија, European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX), Brussels (Instrument for pre-accession assistance (IPA) - Seminar on Framework Agreement between the Government of the Republic of Macedonia and the Commission of the European Communities on the rules for cooperation concerning EC financial assistance to the Republic of Macedonia in the framework of the implementation of the assistance, under the Instrument for Pre-Accession Assistance), Supreme Audit Office of the Slovak Republic, Bratislava, Slovak Republic (Билатерална соработка помеѓу Државната ревизија на Р. Македонија и Р. Словачка во областа ревизија на ЕУ фондовите), The Louvain Institute for Ireland in Europe, Leuven, Belgium (Managing Structural and Cohesion Funds: Sharing the Irish Experience Opportunity for New Member States and Candidate Countries), Европски суд на ревизори во Луксембург (Обука за организационата поставеност, местото и улогата на Европскиот суд на ревизори во Европската унија, Семинар за ревизорска методологија на Европскиот суд на ревизори, Семинар “ITINT” - компјутерска мрежа на Европскиот суд на ревизори, ASSYST - обука за користење на информациониот систем на податоци во Европскиот суд на ревизори, Обука за изработка на кратки специјални извештаи - SNAP Reporter, Семинар за законодавството на Европската унија, учество на IV EUROSAI работна група за ревизија на животна средина – Луксембург, Семинар за Буџетот на ЕУ и Финансиската легислатива на Европската унија, Special Report No 7/2006 - Обука во врска со инвестициите во руралниот сектор, Обука за кодот на етика во Европскиот суд на ревизори со презентација на книгата на Paolo Guista ‘Ethics matters’, Обука за ревизија на успешност – користење на ревизорски техники во Европскиот суд на ревизори за вршење на ревизија на успешност, активно учество со предавање и презентација на традиционалната полугодишна зимска работилница во Европскиот суд на ревизори во Луксембург, работни средби и состаноци со Европската комисија во Брисел, учество во ревизорскиот тим на Европскиот суд на ревизори во ревизорска мисија во Македонија реализирана во февруари 2007 г. за ревизија на проекти од ЕУ/КАРДС програмите за 2001-2006), Државен завод за ревизија на Република Македонија & Проект на Светска банка (финансиска ревизија, меѓународните ревизорски стандарди, ревизија на успешност / економичност, ефикасност, ефективност/ градење на подобри ревизорски извештаи, метода за избор на примерок во ревизијата, ревизија на системот на внатрешни контроли), IDI - EUROSAI Долгорочна тренинг програма - Регионална ревизорска работилница Рига, Латвиа (Performance audit - Ревизија на успешност во работењето и Ревизија на измами и грешки), Центар за обука и тренинг, Пивара Скопје (Управување со канцеларија (Business Office Administrator).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатот д-р Иван Игњатов покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Ова се потврдува со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни, домашни конференции и семинари со стручна проблематика. Кандидатот д-р Игњатов се истакнал и со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност, како предавач во повеќе области од проблематиката на Европската унија во институции во земјава и во странство во изминатиот период. Научноистражувачката работа на кандидатот е контиунуирана и ја потврдува неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручноста со која владее во наставно-научната област меѓународна економија, за којашто кандидатот конкурира.

Врз осова на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и иден успешен наставник и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, кандидатот д-р Иван Игњатов да се избере во **наставник во насловно звање доцент во наставно-научната област *меѓународна економија***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Д-р Ристе Темјановски, вонреден професор – член, с.р.**
**Д-р Виолета Маџова, доцент - член, с.р.**

## П Р И Л О Г

### Табела за вреднување на активностите на д-р Иван Игњатов според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Наставно-образовна дејност (НО) | | | | |
| 9. | Статија во наставно-образовно списание<br>- Евалуација бр. 6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16 (во земјава)<br>- Евалуација бр. 2,3,4,5 (во странство) | 11*1=11 | 4*2=8 | 19 |
| 10. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма (http://www.vecer.com.mk/?ItemID=E929419E4B249B4C8A91B8935A0B446A http://www.m.idividi.com.mk/News.aspx?IDNews=726248 http://217.16.95.55/default.asp?ItemID=7E32EB9BD641894CBCD3346A24BA0742 http://www.ohridon.com/m-vesti/6938.html http://www.cef-see.org/news/in-focus-cef-empowers-practitioners-in-performance-auditing-2013-07-09 http://www.myvideo.ge/?video_id=1539604 http://stara.ohridpress.com/index.php?option=com_content&view=article&id=9287:2011-11-17-14-21-41&catid=34:2010-02-13-14-16-37&Itemid=114 | 3*0.5=1.5 | 2*2=4 | 5.5 |
| 18 | Раководител на семинар<br>- Организатор и раководител на прва и втора и трета меѓународна конференција на ревизорски институции за ревизија на ИПА во регионот (Велес, Подгорица и Охрид)<br>- Раководител и водечки експерт на семинар за ревизија на успешност во Државната ревизија во Тибилиси, Грузија<br>- Организатор и раководител на семинар во Скопје на тема *Јавни набавки согласно ЕУ правила, измами и неправилности* (PRAG and Practice and Fraud and Irregularities)<br>- Раководител на семинар во Скопје за Лајонс клуб „Центар“ како дел од Lions International на тема *Можностите преку ИПА фондовите во Република Македонија* | 4*2=8 | 2*4=8 | 16 |
| | Вкупно: | **40.5** | | |

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Научноистражувачка дејност (НИ) | | | | |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт<br>УГД „Гоце Делчев“ – Штип, 2011<br>Практични искуства и методологијата при вршење на ревизија на системот на јавни набавки при користење на средствата од Европските фондови (ИПА фондовите) во Република Македонија ,<br>УГД „Гоце Делчев“ – Штип, 2012<br>Европски фондови во периодот 2007-2013 ИПА (РД)<br>УГД „Гоце Делчев“ – Штип, 2013<br>Ревизија и контрола на европските фондови<br>Европски фондови за поддршка на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија 2007-2013 и 2014-2020<br>Европски универзитет, Скопје, 2011<br>Инструмент за претпристапна помош (ИПА)<br>Центар за развој на финансиите (CEF) Словенија 2010<br>Финансиско известување на ЕУ проекти (Financial reporting for EU projects),<br>Ревизија на ИПА проекти (Audit of IPA projects),<br>Ревизија на успешност (Performance audit)<br>Центар за развој на финансиите (CEF) Словенија 2011<br>Ревизија на ИПА проекти (Audit of IPA projects),<br>Ревизија на успешност (Performance audit)<br>Центар за развој на финансиите (CEF) Словенија 2012<br>Ревизија на ИПА проекти (Audit of IPA projects)<br>Ревизија на успешност (Performance audit).<br>Центар за развој на финансиите (CEF) Словенија 2013<br>Ревизија на ИПА проекти (Audit of IPA projects),<br>Ревизија на успешност (Performance audit) | 5*2=10 | 9*3=27 | 37 |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 1*8=8 | | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 1*4=4 | | 4 |
| 12 | Раководител на научен проект (Албанија) | | 1*6=6 | 6 |
| 13 | Учесник во научен проект (Ц.Гора, Турција, Србија) | | 3*3=9 | 9 |
| 22 | Студиски престој во странство | | 1*8=8 | 8 |
| | Вкупно: | **72** | | |

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР) | | | | |
| 13 | Учесник во научен проект (Македонија, Србија, Ц.Гора) | 1*5=5 | 2*8=16 | 21 |
| 15 | Техничко унапредување<br>Европски суд на ревизори во Луксембург<br>Обука за организационата поставеност, местото и улогата на Европскиот суд на ревизори во Европската унија<br>Семинар за ревизорска методологија на Европскиот суд на ревизори<br>Семинар "ITINT" - компјутерска мрежа на Европскиот суд на ревизори<br>ASSYST - обука за користење на информациониот систем на податоци во Европскиот суд на ревизори<br>Обука за изработка на кратки специјални извештаи - SNAP Reporter<br>Семинар за законодавството на Европската унија<br>Учество на IV EUROSAI работна група за ревизија на животна средина – Луксембург<br>Семинар за Буџетот на ЕУ и Финансиската легислатива на Европската унија<br>Обука во врска со инвестициите во руралниот сектор<br>Обука за кодот на етика во Европскиот суд на ревизори со презентација на книгата на Paolo Guista 'Ethics matters',<br>Обука за ревизија на успешност – користење на ревизорски техники во Европскиот суд на Ревизори за вршење на Ревизија на успешност.<br>IDI - EUROSAI Долгорочна тренинг програма, Регионална ревизорска работилница Рига, Латвиа<br>- Ревизија на успешност во работењето и Ревизија на измами и грешки<br>European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX), Brussels<br>Seminar on Framework Agreement between the Government of the Republic of Macedonia and the Commission of the European Communities on the rules for cooperation concerning EC financial assistance to the Republic of Macedonia in the framework of the implementation of the assistance, under the Instrument for Pre-Accession Assistance<br>Институт за јавна администрација – Даблин, Ирска<br>Финансиско управување со структурните фондови на Европската униј,<br>European Commission - Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Brussels<br>2007 Internal Audit Service (IAS) Conference<br>European Commission – Directorate General for Regional Policy (DG REGIO) & INTERACT & Ministry of Regional Development and Public Works of Bulgaria, Sofia, Republic of Bulgaria | 10*2=20 | 24*2=48 | 68 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Review of the Article 71 of the Regulation No 1083/2006 in light of their progress so far and the clarifications provided in the European Commission's Compliance Assessment checklists<br>European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX) Brussels<br>Financial Agreement (IPA) and subsequent obligations of the Candidate Countries<br>European Court of Auditors (ECA),Luxembourg<br>Audit of EU funds with respect of economically, efficiently and effectively audit approach<br>European Commission – Directorate General for Regional Policy (DG REGIO) & INTERACT Point Vienna<br>Thessalonici, Republic of Greece<br>IPA - CBC Management Systems Seminar - Transitional Approach<br>European Organization of Supreme Audit Institutions (EUROSAI), Prague, Czech Republic<br>Experience with the implementation and development of performance audits in reaction to challenges and opportunities in a changing environment auditing of social security systems<br>European Commission Directorate General for Agriculture and Rural Development (DG AGRI), Brussels<br>International Public Sector Accounting Standards -IPSAS Standards<br>Center of Excellence in Finance (CEF) Bled, Republic of Slovenia<br>Strategic and Annual Plan of Audit Department<br>European Commission – Directorate General for Enlargement (DG ELARG), Technical Assistance and Information Exchange instrument (TAIEX)<br>Seminar for pre-accession experts and auditors<br>European Academy for Tax, Economics & Law, Berlin, Germany<br>Reinforced Financial Control Requirements of EU Funds<br>Државен завод за ревизија/Ревизорско тело за ИПА & Европски суд на ревизори од Луксембург<br>PRAG and Practice and Fraud and Irregularities<br>Секретаријат за европски прашања (СЕП) & Strategic Programme Fund United Europe (SPFRE), Охрид, Р. Македонија<br>IPA monitoring and review<br>Секретаријат за европски прашања (СЕП) & MATRA Ohrid, Republic of Macedonia<br>ИПА Структурни фондови (IPA Structural funds)<br>Државен завод за ревизија на Република Македонија & Проект на Светска банка<br>Финансиска ревизија<br>Меѓународните ревизорски стандарди<br>Ревизија на успешност (економичност, ефикасност, ефективност)<br>Градење на подобри ревизорски извештаи<br>Метода за избор на примерок во ревизијата<br>Ревизија на системот на внатрешни контроли<br>Центар за обука и тренинг, Пивара - Скопје<br>Управување со канцеларија (Business Office Administrator) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19 | Стручни награди и признанија | 2*4=8 | | 8 |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела<br>-Именувано лице од Влада на РМ (2007-2011) | 1*10=10 | | 10 |
| 29 | Член на институтски орган, комисија<br>- Раководител на работна група за формирање на Ревизорско тело за ревизија на ЕУ/ИПА фондови (Audit Authority)<br>- Претседател на Комисија за јавна набавка за одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, при Ревизорско тело за ревизија на ИПА<br>- Заменик-член на Комисија за одбирање и евидентирање на архивска граѓа при Државен завод за ревизија<br>- Член на Комисија за јавна набавка на геодетска опрема - ГПС уред при Ревизорско тело за ревизија на ИПА<br>- Член на Комисија за јавна набавка на артикли за бифе, при Ревизорско тело за ревизија на ИПА<br>- Член на Комисија за јавна набавка на информатичка опрем, при Ревизорско тело за ревизија на ИПА<br>- Член на Комисија за јавна набавка на канцелариски мебел при Ревизорско тело за ревизија на ИПА | 7*2=14 | | 14 |
| | Вкупно: | **121** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | **233.5** |